РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 29.11.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/370 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот германски јазик за IX одделение, на деветгодишното основно воспитание и образование

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, ноември 2013

## 1. Местото на предметот во наставниот план

### 1.1. Опис и природа на предметот

Секој вид на поширока интеграција во европските структури подразбира добро образовани кадри кои познаваат и говорат странски јазици. Пред нашето општество стои голема задача за постигнување на идеалот на Советот на Европа за многујазичност и познавање на повеќе култури, според кој како минимум се подразбира добро познавање на два странски јазика.

Во наставниот план за деветгодишното основно училиште странските јазици заземаат посебно место заради фактот што во рамките на општата светска глобализација се интензивира размената помеѓу припадниците на различни цивилизации во сите сегменти на општественото живеење (во економијата, политиката, културата, образованието, итн.), со што се наметнува потребата од многујазичност, што е една од главните цели на новата концепција. Од тие причини, изучувањето на првиот странски јазик започнува уште на шестгодишна возраст ( I одделение), а на 11-годишна возраст (VI одделение) започнува да се изучува вториот странски јазик.

### 1.2. Назив на предметот: Германски јазик

### 1.3. Број на неделен, односно годишен фонд на часови: 2/72

### 1.4. Статус на предметот: задолжителен/ II странски јазик

## 2. ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

Наставата/ изучувањето на германскиот јазик на ова ниво се темели на следниве основни цели:

ученикот/ученичката:

- да се оспособи за комуникација со другите, почитување на многујазичност и збогатување на општата и јазичната култура.
- да формира критички однос кон својата и туѓите култури и да се оспособува за почитување на разликите, човековите права, другите култури и традиции.
- да се стимулира изучувањето на германскиот јазик, да се развива интерес кон земјите во кои се зборува соодветниот јазик заради собирање информации од различни извори на тој јазик и развивање меѓукултурни врски.

## 3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК

ученикот/ученичката:

- да формира и да развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик.
- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик.
- да формира навики и способности за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченични единици, фонетски, правописни, лексички и граматички норми.
- да развие способност за самостојно учење и самовреднување според Заедничката европска референтна рамка за јазиците (Портфолио).